РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАРОДЕН ТЕАТАР - БИТОЛА
бр. 02-544
19.12. 2022 год.
Битола

Врз основа на член 77 ж од Законот за културата (Сл.весник РМ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и11/18), член 20 д став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 21 и 23 став 4 од Законот за работните односи (Сл.весник РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 139/09, 149/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 27/16), како и Согласноста од Министерството за финансии бр. 18-1385/2 од 10.02.2022 година, директорот на 19.12.2022 година донесе

# О Д Л У К А

## за избор на работно место КУЛ 03 04 А06 001 Актер Четврта група - 3 (тројца) извршители по објавен јавен оглас бр.02/2022

### Член 1

Во врска со објавениот јавен оглас бр.02/2022 година за вработување на работно место КУЛ 03 04 А06 001 Актер Четврта група - 3 (тројца) извршители за вработување на полно и определено време од 4 години се избираат следните кандидати:

1. Никола Стефанов со вкупно освоени – 4,76 бода
2. Александар Димитровски – 4,68 бода
3. Живко Борисовски – 4,52 бода

### Член 2

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

### *О б р а з л о ж е н и е*

Националната установа Народен театар-Битола, согласно Законот за културата, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи, како и Согласноста од Министерството за финансии бр. 18-1385/2 од 10.02.2022 година, објави јавен оглас во дневните весници „Нова Македонија"на 23.11.2022 година, „Слободен печат"на 24.11.2022 година и „Лајм"на 24.11.2022 година, Агенцијата за вработување и веб страната на Театарот, за вработување на полно и определено работно време од 4 години на работно место КУЛ 03 04 А06 001 Актер Четврта група - 3 (тројца) извршители.

Во врска со наведениот оглас директорот на Театарот со решение бр. 04-529 од 12.12.2022 г. формира Комисија која ја спроведе постапката за вработување. Комисијата на 14.12.2022 година спроведе проверка и веродостојност на доставените документи и докази. Според Записникот од состанокот на комисијата бр.04-529/2 од 14.12.2022 година, се пријавиле вкупно 9 кандидати: Јанка Левкова, Марјан Наумов, Виктор Велевски, Захарија Ангелевска, Никола Стефанов, Здравко Стојмиров, Александар Димитровски, Марија Кондовска и Живко Борисовски, од кои на аудиција продолжија кандидатите: Јанка Левкова, Марјан Наумов, Никола Стефанов, Здравко Стојмиров, Александар Димитровски и Живко Борисовски, а за останатите е констатирано дека не ги исполнуваат потребните услови.

На 16.12.2022 година Комисијата спроведе аудиција со кандидатите кои ја продолжија постапката, при што состави Записник бр.04-529/3 од 16.12.2022 г. и донесе Предлог одлука со ранг листа која ја достави до директорот на Театарот.

Според доставената Предлог ранг листа на Комисијата бр. 04-529/4 од 16.12.2021 година се заклучува дека рангирањето на кандидатите било извршено врз оценка на неколку критериуми односно ритам, слух, монолог, рецитација и мотивациски разговор со кандидатите.

Од поединечното бодување за секој пријавен кандидат, Комисијата врз основа на член 15 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на аудицијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас во НУ Народен театар-Битола, донесе предлог одлука со која на директорот за избор му ги предложи кандидатите Никола Стефанов со вкупно 4,76 бода, Александар Димитровски со вкупно 4,68 бода и Живко Борисовски со вкупно 4,52 бода.

Директорот на Театарот како орган на раководење ја прифати предлог одлуката на Комисијата во целост и изврши избор по објавениот јавен оглас број 02/2022 година како во членот 1 од диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука**: против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе приговор до Управниот одбор на Театарот.

НУ Народен театар-Битола
директор,
Иван Јерчиќ